

10.10.2011

**ЦВЕЌЕ ЗА ХЕРОИТЕ**

Во рамките на годинашното одбележување на 11 Октомври, Денот на востанието на македонскиот народ, општински делегации од  борци, резервни воени старешини, невладини организации и ученици посетија споменичните обележја во центарот на градот.

Заедничка делегација на демирхисарските борци и градоначалникот на општината Тони Ангелевски, како и делегација на резервните воени старешини и ученици, на споменичите обележја на демирхисарските револуционери положија цвеќе.

Пред споменикот на Демирхисарските револуционери, беше прочитан реферат за значењето на празникот, а учениците – учесници на наградниот конкурс за надобра литературна творба, пред споменикот ги прочитаа нивните лични творби инспирирани од историските подвизи на борците за независна  Македонија.




10/10/2011

